Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 20-2994/6

08.04.2020 година

Ljupcho Ilovski
Digitally signed by Ljupcho Ilovski
Date: 2020.04.08 14:17:45 +02'00'

До

**Понудувачите**

.................................................

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на поставено прашање по Јавен повик за **интервентна набавка на респираторни машини заради спроведување на мерките за справување со Коронавирус-COVID-19 за време на траење на вонредната состојба.**

Почитувани

До комисијата за спроведување на постапката на јавниот повик при Министерство за здравство на РСМ од страна на заинтересиран понудувач пристигнато е прашање во електронска форма во врска со објавениот Јавен повик за "интервентна набавка на респираторни машини заради спроведување на мерките за справување со Коронавирус-COVID-19 за време на траење на вонредната состојба".

Во врска со Вашата објава за интервентна набавака на респираторни машини заради мерките за справување со Коронавирус - COVID-19, би сакале да ги поставиме следните прашања.

**ПРАШАЊЕ** (цитат):
1. Дали со доставување на понудите е предвидена Изјава за сериозност

**ОДГОВОР:**
Во Јавниот повик не е предвидена Изјава за сериозност.

**ПРАШАЊЕ** (цитат):
2. Во тендерската документација не сретнав никаде покана ниту архивски број под кој треба да се поднесе понудата, Така да Ве молам да го појасните

**ОДГОВОР:**
Архивски број на Јавниот повик е 20-2994/2 од 06.04.2020 година. Истиот не е објавен бидејќи прикачениот документ е во Word формат, со цел заинтересираните понудувачи да можат да го пополнат Образецот на понудата.

**ПРАШАЊЕ** (цитат):
3. И во ТД пишува дека понудата мора да биде потпишана од одговорно лице на понудувачот, прашањето е дали истата може да биде потпишана од лице овластено од


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

одговорното лице?

**ОДГОВОР:**

Понудата и пропратната документација може да биде потпишана и од лице овластено од одговорното лице, но со доставување на понудата задолжително да се достави Овластување од одговорното лице.

Со почит,

Комисија за спроведување на
Јавен повик